Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# П Р А В И Л Н И К
за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии

Скопје, април 2023 година

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20), министерот за финансии, донесува

# ПРАВИЛНИК
## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии

### Член 1

Со овој правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии број 01-11278/1 од 29.12.2022 година и 01-2902/1 од 31.03.2023 година, и тоа:

### Член 2

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ, во точка 19.Сектор - Академија за јавни финансии, во работното место под „реден број 487, со шифра УПР0101Б02000, со звање Раководител на сектор и назив на работно место Раководител на сектор - Академија за јавни финансии“, во делот Вид на образование по зборовите „право“ се додаваат зборовите „или други општествени науки (јавна управа и администрација)“.

### Член 3

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ, во точка 19. Сектор - Академија за јавни финансии, во работното место под „реден број 488, со шифра УПР0101Б03000, со звање Помошник раководител на сектор, со назив на работно место Помошник раководител на сектор - Академија за јавни финансии“, во делот Број на извршители бројот „1“ се заменува со бројот „2“, и во делот Вид на образование по зборовите „право“ се додаваат зборовите „или други општествени науки (јавна управа и администрација)“.

### Член 4

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ, во делот Орган во состав, Управа за имотно правни работи, во точка 2. Сектор за управна постапка, во потточката Подрачни одделенија за првостепена управна постапка - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – РАДОВИШ, во работното место под „реден број 693, со шифра УПР0101Г01000, со звање Самостоен референт, со назив на работно место Самостоен референт за канцелариско, архивско и благајничко работење“, во делот Број на извршители бројот „2“ се заменува со бројот „1“.

Член 5

Согласно извршените измени во интегралниот текст на Правилникот се вршат измени и на табеларниот преглед на работните места како составен дел на Правилникот.

Член 6

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Број 01-2902/2
27-04-2023 година
СКОПЈЕ

Министер за финансии
Dr. Fatmir Besimi

Изработил: Александра Лулкоска
Одобрил: Верица Стоилова
Проверил: м-р Маја Стаменковска Угриновска
Согласен: д-р Јелена Таст